СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА	**О Х Р И Д** **01.10.2026 год.** **БРОЈ 10 ГОДИНА 60**

С О Д Р Ж И Н А

Реден број	Име на одлука	Страна
1.	Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ЈП„Градски пазар“ - Охрид за 2027 година.	**3**
2.	Одлука за давање согласност на одлуката за изменување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид.	**4**
3.	Одлука за давање согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за дефинирање на начинот, постапката, условите и времетрањето за издавање под закуп на деловен простор - ресторан и деловни објекти - типизирани куќарки и простор околу истите со намена за продажба на свеќи и цвеќе.	**7**
4.	Одлука за избор на најповолен приватен партнер во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за поставување на фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид.	**9**
5.	Одлука за давање на трајно користење на сензори за мерење на исполнетост на контејнери со вклучен софтвер и вклучена бежична комуникација на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид.	**10**
6.	Одлука за пренесување на правото на користење на камиони за собирање на смет-сопственост на општина Охрид на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид.	**11**
7.	Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште.	**13**
8.	Одлука за донесување урбанистички проект со план за парцелација за формирање на повеќе градежни парцели во ГП 1.2 формирана во ЛУПД за ГП 1.2 со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП.бр.821/1 КО Косел, Општина Охрид.	**15**
9.	Одлука за донесување урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.3 од УПВНМ на дел од туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол-опфат 3, Општина Охрид.	**16**

10.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.740/1 и КП.бр.738/1 КО Косел, објект 1 и објект 2.	**17**
11.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.752/3 КО Косел, објект 1 и објект 2.	**18**
12.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изграденият објект на КП.бр.1029/1 КО Лескоец, објект 1.	**20**
13.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изграденият објект на КП.бр.1312, КП.бр.1317 и КП.бр.1318 КО Д.Лакочерej, објект 1.	**21**
14.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.1076 КО Косел, објект 1, објект 2 и објект 3.	**22**
15.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.2605/1 и КП.бр.857/13 КО Д.Лакочерej, објект 1 и објект 2.	**23**
16.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.2672 КО Д.Лакочерej, објект 1 и објект 2.	**24**
17.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.2528 КО Д.Лакочерej, објект 1, објект 2 и објект 3.	**25**
18.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изграденият објект 1 на КП.бр.2190 и помошен објект на КП.бр.2188, КО Д.Лакочерej.	**27**
19.	Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изграденият објект на КП.бр.1261 КО Лескоец, објект 1.	**28**
20.	Одлука за примање на трајно користење на специјализирани возила-метларки за улици	**29**
21.	Одлука за давање на трајно користење патничко моторно возило од општина Охрид на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид	**30**
22.	Одлука за давање на трајно користење патничко моторно возило од општина Охрид на ЈП „Водовод“ - Охрид	**32**
23.	Одлука за давање на трајно користење патничко моторно возило од општина Охрид на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид	**33**
24.	Охрид за давање на трајно користење патничко моторно возило од општина Охрид на ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид	**34**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ - ОХРИД ЗА 2027 ГОДИНА

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на годишен план за вработување на ЈП„Градски пазар“ - Охрид за 2027 година што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/27 **ОПШТИНА ОХРИД**
30.09.2026 година **Градоначалник,**
О х р и д **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37-з од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.338/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), член 20–а и 20–б од Законот за вработените во јавен сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН
ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ - ОХРИД ЗА 2027 ГОДИНА

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на годишен план за вработување на ЈП„Градски пазар“ - Охрид за 2027 година, усвоен со Одлука од Управниот одбор на ЈП„Градски пазар“ - Охрид бр.02-382/1 од 26.08.2026 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-381/3 од 26.08.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

Број 08- 12464/3 **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
30.09.2026 год. **Претседател**
О х р и д **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на **о**длуката за изменување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/28 **ОПШТИНА ОХРИД**
30.09.2026 година **Градоначалник,**
О х р и д **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ Охрид бр.02-1312/5 од 18.09.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

Број 08-12464/4 **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
30.09.2026 год. **Претседател**
О х р и д **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 19 ст.2, точка 1 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид, Управниот Одбор на ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид на својата седница одржана на ден 18.09.2026 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
за изменување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид број 02-609/6 од 04.05.2026 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид број 02-609/6 од 04.05.2026 година.

Член 2

Се менува точка 3 и тоа:

После зборовите “надоместок за“, се додава зборот “вонредно“; после зборот“ отпад“ се додаваат зборовите “по повик, (надвор од Програмата за работа на јавното претпријатие)“ а се бришат зборовите “и индустриски неопасен отпад“ .

Со измената Точка 3 ќе гласи:

3. Надоместок за вонредно подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по повик, (надвор од Програмата за работа на јавното претпријатие), од правни лица со деловни простори/објекти лоцирани на територијата на општина Охрид и надвор од општина Охрид утврден според волуменот на отпадот

Член 3

Се менува член 4 :

После зборот “услуга“, се додава зборот “вонредно“; после зборот“ отпад“ се додаваат зборовите “по повик“, (надвор од Програмата за работа на јавното претпријатие)“ а се бришат зборовите “и индустриски неопасен отпад“ .

Алинеите 1 и 3 се бришат.

Во алинеја 2 се менува бројот “1.092,оо“ и негово место стои бројот “1.310,оо“.

Во алинеја 4 се менува бројот “1.092,оо“ и негово место стои бројот “1.310,оо“ .

Алинеите се поместуваат за едно односно за две места погоре, алинеја 2 станува алинеја 1 а алинеја 4 станува алинеја 2.

Текстот во ставот 2 се брише и на негово место стои нов текст кој гласи:

ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид како давател на услугата за извршената услуга уредно и навремено ќе изготви документација - Транспортен формулар за отпад, која ќе послужи како потврда дека корисникот на услугата уредно и правилно ја исполнил својата обврска.

Со измената членот 4 ќе гласи:

Надоместокот за извршена услуга – вонредно подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по повик, (надвор од Програмата за работа на јавното претпријатие), од правни лица со деловни простори, односно објекти на територијата на општина Охрид и надвор од општина Охрид кои користат контејнери се утврдува во зависност од волуменот на отпадот и од местото на лоцирање на објектот од кој се подига отпадот и тоа:

-За контејнери со волумен од 1,1 м3 лоцирани на територијата на општина Охрид надоместокот се утврдува 1.310,оо денари/м3;

-За контејнери со волумен од 1,1 м3 лоциран надвор од општина Охрид надоместокот се утврдува 1.310,оо денари/м3 + 16,9о денари/км (само во еден правец)

ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид како давател на услугата за извршената услуга уредно и навремено ќе изготви документација - Транспортен формулар за отпад, која ќе послужи како потврда дека корисникот на услугата уредно и правилно ја исполнил својата обврска.

Член 4

Се менува точка 4 и тоа:

Зборот “комунален“ се заменува со зборот “градежен“.

Со измената точка 4 ќе гласи:

4. Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на градежен отпад по повик

Член 5

Се брише цел текст од член 5 и на негово место доаѓа нов текст :

Надоместокот за извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на градежен отпад по повик, (надвор од Програмата за работа на јавното претпријатие), на територијата на општина Охрид и надвор од општина Охрид се утврдува во зависност од волуменот на отпадот и од местото на лоцирање на објектот од кој се подига отпадот и тоа:

-За контејнери со волумен од 5 м3 лоцирани на територијата на општина Охрид надоместокот се утврдува 3000,оо денари/м3

-За контејнери со волумен од 5 м3 лоцирани надвор од општина Охрид надоместокот се утврдува 3000,оо денари/м3 + 52,оо денари/км (само во еден правец).

ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид како давател на услугата за извршената услуга уредно и навремено ќе изготви документација - Транспортен формулар за отпад, која ќе послужи како потврда дека корисникот на услугата уредно и правилно ја исполнил својата обврска.

Член 6

Надлежните служби во ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид должни се да изготват пречистен текст на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид број 02-609/6 од 04.05.2026 година кој ќе ги содржи измените согласно оваа Одлука.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид.

Управен Одбор на ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид
Претседател,
Владо Враговски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА, УСЛОВИТЕ И ВРЕМЕТРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР - РЕСТОРАН И ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ - ТИПИЗИРАНИ КУЌАРКИ И ПРОСТОР ОКОЛУ ИСТИТЕ СО НАМЕНА ЗА ПРОДАЖБА НА СВЕЌИ И ЦВЕЌЕ

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП “Градски Гробишта” - Охрид за дефинирање на начинот, постапката, условите и времетраењето за издавање под закуп на деловен простор - ресторан и деловни објекти - типизирани куќарки и простор околу истите со намена за продажба на свеќи и цвеќе**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/29
30.09.2026 година
О х р и д

ОПШТИНА ОХРИД
Градоначалник,
Кирил Пецаков,с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.338/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА, УСЛОВИТЕ И ВРЕМЕТРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР - РЕСТОРАН И ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ - ТИПИЗИРАНИ КУЌАРКИ И ПРОСТОР ОКОЛУ ИСТИТЕ СО НАМЕНА ЗА ПРОДАЖБА НА СВЕЌИ И ЦВЕЌЕ

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Градски Гробишта“ - Охрид за дефинирање на начинот, постапката, условите и времетрањето за издавање под закуп на деловен простор - ресторан и деловни објекти - типизирани куќарки и простор околу истите со намена за продажба на свеќи и цвеќе, донесена со бр.02-580/2 од 10.07.2026 година.

Член 2

СЕ ЗАДОЛЖУВА Градоначалникот да формира Комисија која ќе ја спроведе постапката за давање под закуп на предметните недвижни ствари

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

Број 08-12464/5
30.09.2026 год.
О х р и д

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател
Перчо Божиновски,с.р.

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за јавни претпријатија и член 19 став 4 од Статутот на ЈП„Градски Гробишта“ Охрид ,Управниот Одбор на ЈП„Градски Гробишта“ Охрид ја донесе следната:

ОДЛУКА
ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА НАЧИНОТ,ПОСТАПКАТА, УСЛОВИТЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР – РЕСТОРАН И ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ-ТИПИЗИРАНИ КУЌАРКИ И ПРОСТОР ОКОЛУ ИСТИТЕ СО НАМЕНА ЗА ПРОДАЖБА НА СВЕЌИ И ЦВЕЌЕ

Член 1

Со оваа Одлука се овластува В.Д.Директорот на ЈП Градски Гробишта Охрид согласно законските прописи да спроведе постапка за издавање под закуп на деловен простор - ресторан и деловни објекти -типизирани куќарки и простор околу истите со намена за продажба на свеќи и цвеќе и да склучи договор со најповолниот понудувач.

Член 2

Деловниот простор - ресторанот и деловни објекти-типизирани куќарки и простор околу истите со намена за продажба на свеќи и цвеќе од член 1 на оваа одлука ќе се издава со електронско јавно наддавање.

Член 3

Почетната цена за издавање под закуп на деловниот простор – ресторан се утврдува во висина од 74.409,44 денари без вклучен ДДВ.

Почетната цена за издавање под закуп на деловни објекти-типизирани куќарки и простор околу истите со намена за продажба на свеќи е утврдува во висина од 6.096,27 денари без вклучен ДДВ.

Почетната цена за издавање под закуп на деловни објекти -типизирани куќарки и простор околу истите со намена за продажба на цвеќе се утврдува во висина од 12.256,09 денари без вклучен ДДВ.

Данокот на додадена вредност е на товар на закупецот.

Почетната цена за издавање под закуп деловниот простор - ресторанот и деловни објекти - типизирани куќарки и простор околу истите со намена за продажба на свеќи и цвеќе од член 1 на оваа одлука е утврдена со Извештаите на овластено лице со архивски број : 03-500/1 ; 03-500/2, 03-500/3 од 08.06.2026 година за процена на пазарна вредност на недвижен имот.

Член 4

Деловниот простор - ресторан се издава за период од 4 (четири) години.
Деловните објекти -типизирани куќарки и простор околу истите со намена за продажба на свеќи и цвеќе се издаваат за период од 2(две) година.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила со донесувањето.

УО на ЈП„Градски Гробишта“ Охрид

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПРИВАТЕН ПАРТНЕР ВО ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за избор на најповолен приватен партнер во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за поставување на фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/30
30.09.2026 година
О х р и д

ОПШТИНА ОХРИД
Градоначалник,
Кирил Пецаков,с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 21-а од Законот за концесии и јавно приватно партнерство(“Службен весник на РМ“ број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15, 153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24, 241/24, 258/25 и 96/26), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПРИВАТЕН ПАРТНЕР ВО ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД

Член 1

Со оваа Одлука **СЕ ПРИФАЌА ПРЕДЛОГОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ОХРИД И ЗА НАЈПОВОЛЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР** во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за поставување на фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид бр. **10862/2026** (број под кој е објавена постапката во електронскиот систем за јавни набавки) **СЕ ИЗБИРА:**

- **Друштво за производство и дистрибуција на електрична енергија СОЛАР СПЕКТАР АГ ДООЕЛ Скопје**

Член 2

Се задолжува Комисијата формирана за спроведување да ја продолжи постапката со склучување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за поставување на фотоволтаички централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид.

Член 3

Согласно член 40, став 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, **се задолжува Градоначалникот на општина Охрид** да го склучи договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за поставување на фотоволтаички централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид со избраниот приватен партнер.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

Број 08-12464/6
30.09.2026 год.
О х р и д

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател
Перчо Божиновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА СЕНЗОРИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТ НА КОНТЕЈНЕРИ СО ВКЛУЧЕН СОФТВЕР И ВКЛУЧЕНА БЕЖИЧНА КОМУНИКАЦИЈА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на трајно користење на сензори за мерење на исполнетост на контејнери со вклучен софтвер и вклучена бежична комуникација на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/31
30.09.2026 година
О х р и д

ОПШТИНА ОХРИД
Градоначалник,
Кирил Пецаков,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА СЕНЗОРИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТ НА КОНТЕЈНЕРИ СО ВКЛУЧЕН СОФТВЕР И ВКЛУЧЕНА БЕЖИЧНА КОМУНИКАЦИЈА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД

Член 1

Врз основа на Г1 програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2026 година, точка 2.1. Воведување на Смарт јавни услуги, реализирана е активноста за набавка на сензори за мерење на исполнетост на контејнери со вклучен софтвер и вклучена бежична комуникација. Наведената опрема, составена од 10 (десет) сензори со сериски броеви: 20260613001, 20260613002, 20260613003, 20260613004, 20260613005, 20260613006, 20260613007, 20260613008, 20260613009, 20260613010 е набавена од страна на општина Охрид (Сектор за ТЛЕР) согласно Договор заведен под арх.бр.09-3147/1 од 10.03.2026 година (лот 3 – Паметно решение за отпад) и истата е во сопственост и владение на општина Охрид.

Член 2

Наведената опрема од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење на ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид, имајќи во предвид дека истата е набавена за потребите на јавното претпријатие.

Давањето на трајно користење на опрема на јавното претпријатие ќе биде без надомест.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

Број 08- 12464/7
30.09.2026 год.
О х р и д

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател
Перчо Божиновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА КАМИОНИ ЗА СОБИРАЊЕ НА СМЕТ - СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за пренесување на правото на користење на камиони за собирање на смет - сопственост на Општина Охрид на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/32 **ОПШТИНА ОХРИД**
30.09.2026 година **Градоначалник,**
О х р и д **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на општина Охрид бр.57-3197/22 и Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на општина Охрид бр.57-6046/28 донесени од страната на Владата на РСМ, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА КАМИОНИ ЗА СОБИРАЊЕ НА СМЕТ - СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД

Член 1

Со оваа Одлука се пренесува правото на користење од Општина Охрид на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид на 3 (три) камиони за собирање на смет со следните технички карактеристики:

А) Камион за собирање на смет 8 м3-OTOKAR ATLAS 9 L

- Број на шасија : NLRTNHK1000007404
- Регистарски ознаки: ОН-5087-АF
- Број на мотор: 77770425
- Боја на возило: бела
- Година на производство: **2025**
- Количина: 1

Б) Камион за собирање на смет -RENAULT D 16 MED 4X2 R250 E6

- Број на шасија : VF640J86XTB026929
- Број на мотор: DTI8728423
- Боја на возило: бела
- Година на производство: **2025**

- Количина: 1

В) Камион за собирање на смет -RENAULT D 16 MED 4X2 R250 E6

- Број на шасија : VF640J861TB027001
- Број на мотор: DTI8729011
- Боја на возило: бела
- Година на производство: **2025**
- Количина: 1

Член 2

Наведените камиони од член 1 на оваа Одлука, со Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на општина Охрид бр.57-3197/22 и Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на општина Охрид бр.57-6046/28 донесени од страната на Владата на РСМ, доделени на општина Охрид, се отстапуваат на користење на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид.

Се задолжува Градоначалникот на Општина Охрид, веднаш по регистрација на вториот и третиот камион, да склучи договор со директорот на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на наведените камиони. Примопредавањето на камионите да се констатира во записник уредно потпишан од овластени лица на двете страни.

Користењето на машините-метачки од страна на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид ќе биде без надомест.

Член 3

Сите трошоци за одржување и користење на возилата вклучувајќи и сервисирање, осигурување и регистрација, по стапување на сила на оваа Одлука ќе ги сноси ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

Број 08-12464/8
30.09.2026 год.
О х р и д

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател
Перчо Божиновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/33 **ОПШТИНА ОХРИД**
30.09.2026 година **Градоначалник,**
О х р и д **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа член 22 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со член 7 и член 26 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ” бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16, 122/21, 111/23, 208/24 и 258/25), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Се прифаќа иницијативата за експропријација на градежно земјиште кое претставува дел од Кп.бр.16501, Кп.бр.16521/3, дел од Кп.бр.16535/2, дел од Кп.бр.16504/3, дел од Кп.бр.16499, дел од Кп.бр.16500/1, дел од Кп.бр.16524/6, дел од Кп.бр.16496/3, дел од Кп.бр.16502/1, Кп.бр.16524/3, дел од Кп.бр.16523/8, дел од Кп.бр.16523/1, Кп.бр.16523/2, Кп.бр.16531/1, дел од Кп.бр.16524/1, дел од Кп.бр.16503/1, дел од Кп.бр.16521/1, Кп.бр.16503/3, Кп.бр.16531/2, дел од Кп.бр.16532/2, Кп.бр.16533, Кп.бр.16521/4, дел од Кп.бр.16523/3, Кп.бр.16545, дел од Кп.бр.16536/1, Кп.бр.16535/4, дел од Кп.бр.16536/3, дел од Кп.бр.16534/4, Кп.бр.16535/3, дел од Кп.бр.16534/2, дел од дел од Кп.бр.16534/7, дел од Кп.бр.16522/1, дел од Кп.бр.16522/2, дел од Кп.бр.16504/1, Кп.бр.16521/6, Кп.бр.16521/7, Кп.бр.16521/8, Кп.бр.16521/5, Кп.бр.16521/9 и Кп.бр.16531/2, сите во КО Охрид 3, кои претставуваат комунална инфраструктура - улица Славеј Планина согласно ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 Опфат 2, донесен со Одлука бр.07-1764/13 од 26.05.2011 година.

Член 2

Надоместокот за експропријација и експропријацијата ќе се спроведува согласно расположливите средства во Буџетот за оваа намена.

Член 3

Градежното земјиште опишано во член 1 од оваа Одлука, ќе биде предмет на експропријација согласно Законот за експропријација.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е:

-Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци бр.08-78/3 од 21.06.2022 год., изготвен од „ГЕО ЈИС’’ ДОО Битола .

Член 5

Со донесување на оваа Одлука, Одлуката бр.08-16043/40 од 04.11.2016 год. не произведува правно дејство.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

Број 08-12464/9
30.09.2026 год.
О х р и д

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател
Перчо Божиновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ВО ГП 1.2 ФОРМИРАНА ВО ЛУПД ЗА ГП 1.2 СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП.БР.821/1 КО КОСЕЛ, ОПШТИНА ОХРИД

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за донесување урбанистички проект со план за парцелација за формирање на повеќе градежни парцели во ГП 1.2 формирана во ЛУПД за ГП 1.2 со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на дел од Кп.бр.821/1 КО Косел, Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/34
30.09.2026 година
О х р и д

ОПШТИНА ОХРИД
Градоначалник,
Кирил Пецаков,с.р.

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 72/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 30/26), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ВО ГП 1.2 ФОРМИРАНА ВО ЛУПД ЗА ГП 1.2 СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП.БР.821/1 КО КОСЕЛ, ОПШТИНА ОХРИД

Член 1

Се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на повеќе градежни парцели во ГП 1.2 формирана во ЛУПД за градежна парцела ГП 1.2 со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП.бр821/1 КО Косел, Општина Охррид, **со број на постапка во систем е-урбанизам 61168,** со тех.бр.11/24 од септември 2026, изработен од „НЈУ – ВИЖЕН“ – доо Охрид.

Член 2

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF верзија

- План за парцелација - тех.бр. 11/24 од септември 2026,
- Позитивно мислење бр. 19-3415/12 од 16.09.2026 год.

Член 3

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

Број 08-12464/10
30.09.2026 год.
О х р и д

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател
Перчо Божиновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1.3 ОД УПВНМ НА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ ГОРИЦА-СВ.СТЕФАН-МЕТРОПОЛ-ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за донесување урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.3 од УПВНМ на дел од туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол-Опфат 3, Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/35
30.09.2026 година
О х р и д

ОПШТИНА ОХРИД
Градоначалник,
Кирил Пецаков,с.р.

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 72/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 30/26), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1.3 ОД УПВНМ НА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ ГОРИЦА-СВ.СТЕФАН-МЕТРОПОЛ-ОПФАТ 3, ОПШТИНА ОХРИД

Член 1

Се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.3 од УПВНМ на дел од туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол – ОПФАТ 3, Општина Охрид, **со број на постапка во систем е-урбанизам 80454,** со тех.бр.38/25 од август 2026, изработен од Институт за урбанизам, сообрајќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје.

Член 2

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF верзија
- План за парцелација - тех.бр. 38/25 од август 2026,
- Позитивно мислење бр. 19-7440/6 од 02.09.2026 год.

Член 3

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

Број 08- 12464/11
30.09.2026 год.
О х р и д

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател
Перчо Божиновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП.БР.740/1 И КП.БР.738/1 КО КОСЕЛ, ОБЈЕКТ 1 И ОБЈЕКТ 2

СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на кп.бр.740/1 и кп.бр.738/1 КО Косел, објект 1 и објект 2**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година.

Број 09-12464/36
30.09.2026 година
О х р и д

ОПШТИНА ОХРИД
Градоначалник,
Кирил Пецаков,с.р.

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17, 174/21 и 41/26), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП.БР.740/1 И КП.БР.738/1 КО КОСЕЛ, ОБЈЕКТ 1 И ОБЈЕКТ 2

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко-планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.740/1 и КП.бр.738/1 КО Косел, објект 1 и објект 2, кој што се надвор од урбанистичка документација.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е извод од планска документација.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

Број 08-12464/12
30.09.2026 год.
О х р и д

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател
Перчо Божиновски,с.р.

